СДСМ

Врз основа на член 1 и 6 од Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за Претседателските избори 2024 година, како и точка 3 од Роковникот за за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидат на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за Претседателските избори 2024 година, усвоени на петнаесетата седница на Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија одржана на 26.12.2023 година, се објавува:

# О Т В О Р Е Н   П О В И К

## за самокандидирање на кандидати на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија

Врз основа на Статутот на Социјалдемокатскиот сојуз на Македонија како и горенаведениот Правилник и Роковник, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија започна со постапка за утврдување на кандидати на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за Претседателските избори 2024 година. Во согласност со напред наведеното даваме можност за самокандидирање и на личности кои не се дел од СДСМ.

За таа цел ги повикуваме сите заинтересирани чесни и угледни индивидуи, кредибилни и препознаени во Република Северна Македонија, кои ги поддржуваат нашите политики и имаат идеи да ги надградуваат, личности кои ги споделуваат социјалдемократските вредности и ги делат социјалдемократските идеали, да се самокандидираат за кандидати на СДСМ за Претседател на Република Северна Македонија за Претседателските избори 2024 година.

Кандидатите на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за Претседател на Република Северна Македонија за Претседателските избори 2024 година, потребно е да ги исполнуваат следните критериуми:

- ✓ Кандидатот за Претседател на Република Северна Македонија мора да биде државјанин на РСМ. За претседател на Претседател на Република Северна Македонија може да се кандидира лице кое на денот на изборите наполнило најмалку 40 години. За претседател на Републиката не може да биде избрано лице кое до денот на изборите не било жител на Република Северна Македонија најмалку десет години во последните 15 години. (во согласност со член 80 од Уставот на Република Северна Македонија);
- ✓ Да е личност со висок општествен углед;
- ✓ Да е способен за извршување на високи државнички функции,
- ✓ Да ужива доверба на членството и симпатизерите на СДСМ и да биде личност која на најдобар начин ќе ја оживотворува политиката на СДСМ;
- ✓ Да работи на на реализација на стратешките приоритети на Република Северна Македонија за полноправно членство во ЕУ;
- ✓ Да работи на меѓународна афирмација и промоција на Република Северна Македонија;
- ✓ Да ужива висок углед и кредибилитет во Република Северна Македонија и да има подршката од сите етнички заедници;

✓ Да ги почитува, вреднува принципите и вредностите едно општество за сите граѓани;

✓ Да потпише изјава за прифаќање и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот во целост да го почитува;

✓ Да потпише изјава за прифаќање на кандидатура за Претседател на Република Северна Македонија.

Со доставената самокандидатура за Претседател на Република Северна Македонија за Претседателски избори 2024 година, кандидатот во хартиена форма задолжително доставува:

1. Стандардизирана биографија/CV;
2. Мотивационо писмо/писмо за намера;
3. Детална програма со предлог идеи и проекти за развој на Република Северна Македонија за периодот 2024-2029 година.

Заинтересираните кандидати своите кандидатури (со целосна прилог документација во хартиена форма), во затворен плик со назнака Самокандидатура за Претседател Република Северна Македонија да се достави до Извршниот одбор на Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија во седиштето на СДСМ на ул. Бихаќка број 8 Скопје најдоцна до **21.01.2024** година.

Дополнителни информации и потребните образци за комплетирање на документацијата како и Изјавата за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ, се објавени на веб страната на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија www.sdsm.org.mk.

Со почит,

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**